Fact sheet 4 - MACEDONIAN

# Cbus го зборува вашиот јазик.




## Пензионирање и пензии

Cbus може да ви помогне да планирате и да заштедите за подобар живот во пензија со:

- пензиски влогови,
- редовни исплати на приход (income stream) (одредена пензија),
- семинари за пензионирање,
- совети за финансиско планирање.

### Колкав износ на пензиски влогови ќе ми биде потребен?

Многу финансиски стручњаци сметаат дека исплати во износ од 9% во пензиски влогови не се доволни за да се има погоден живот во пензија. Тие велат дека треба да уплаќате најмалку 15% од вашата плата во пензиски влогови во текот на вашиот работен век за да успеете да имате пристоен приход кога ќе се пензионирате.

### Семинари на Cbus за пензионирање

Cbus организира бесплатни семинари за подготовување планови за пензионирање низ цела Австралија. Тие може да ви помогнат да направите план да бидете финансиски обезбедени кога ќе се пензионирате и опфаќаат:

- Што да правите вашата пензиска заштеда да 'заработува повеќе за вас',
- Како да ги зголемите вашите пензиски влогови пред да се пензионирате,
- Можностите кои ви стојат на располагање кога ќе се пензионирате и
- Додатоци од Centrelink и како можете да се квалификувате за нив.

Cbus го зборува вашиот јазик.

### Редовни исплати на приход од пензиски влогови во Cbus

Cbus ви нуди редовни исплати на приход така да можете да останете со Cbus дури и откако ќе се пензионирате. Редовните исплати на приход, често познати како одредени пензии, претставуваат популарен метод преку кој на пензионерите им се обезбедува приход. Без разлика дали сте подготвени целосно да се пензионирате или сакате да работите со скратено работно време додека сте во пензија, редовните исплати од пензиските влогови во Cbus може да ви помогнат да добивате редовен приход.

**За да дознаете повеќе, телефонирајте на 1300 361 784 или посетете ги Интернет страните www.cbussuper.com.au**

Овој информативен лист е наменет да ви даде информации само од општа природа. Cbus го подготви без да ги земе предвид вашите лични цели, финансиска ситуација или потреби. За понатамошни информации и примерок од нашиот Документ за поединости во врска со нашиот продукт (Product Disclosure Document - PDS), посетете ги Интернет страните www.cbussuper.com.au или телефонирајте на 1300 361 784. Полномошник на Cbus: United Super Pty Ltd ABN 46 006 261 623, AFS-дозвола бр. 233792. Австралиски деловен број на Cbus: 75 493 363 262. Планерите за финансии при Cbus имаат работна дозвола да нудат финансиски совети на поединци преку Финанското планирање на фондот на индустриската гранка (Industry Fund Financial Planning - IFFP), оддел во службите при фондот на индустриската гранка.

ЈУНИ 2009